**Кодекс за учениците кои ќе следат настава од далечина**

**Во ООУ„ 25 Мај“ Гази Баба-Скопје**

---

- Директорот на училиштето се грижи за целосна покриеност со интернет конеција во сите училници во училиштето.
- Наставата со учење на далечина, наставниците ја реализираат од училница во училиштето со користење на националната платформа.
- При настава со учење на далечина работниот ден на ученикот трае од 3 до 5 саати дневно, во зависност од возраста на учениците и одмор од 10 (десет) минути по секој наставен час или активност.
- Во паралелките во кои има ученици кои следат настава со учење на далечина, наставникот согласно условите, можностите и специфичностите на наставната единица во рамките на одреден наставен предмет може:

- додека го држи часот да ги вклучи и учениците кои следат настава од далечина (за што треба претходно да ги извести),
- да го сними реализираниот наставен час и да го испрати на учениците кои следат настава од далечина,
- да изготви печатени материјали кои ги преземаат родителите во соработка со наставникот/класниот раководител/образовниот асистент,
- да одржи час само за учениците кои следат настава од далечина.

- Родителите/старателите на учениците со попреченост, имаат право да одлучат дали нивните деца ќе следат настава со физичко присуство во училиште или ќе следат настава со учење од далечина - од дома
- Учениците со попреченост кои имаат поддршка од образовен или личен асистент, продолжуваат со поддршката на образовниот процес на учениците во училиштето на ученикот и треба да бидат во постојана комуникација и координација со инклузивниот тим во училиштето и родителите.
- Ученици со респираторни, хронични, ретки болести и/или други болести во општинските основни училишта
- Учениците кои имаат потврда од матичен лекар/педијатар дека поради својата здравствена состојба не треба да посетуваат настава со физичко присуство следат настава со учење од далечина.

**Директор**

**М-р Фадил Муртезани**